Romalitico

ROMA POLICY ANALYSIS

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2020

# Содржина

Обраќање на Извршниот директор на Ромалитико ........ 3
Мисија, визија и стратешки цели ........ 4
Организациска поставеност ........ 4
Менаџмент ........ 5
Собрание ........ 8
Спроведени истражувања и анализи на политики ........ 8
Теренско истражување за јавното мислење на ромската заедница за парламентарните избори во 2020 ........ 8
Истражување за состојбата и ставовите за кризата со КОВИД 19 (коронавирус) ........ 9
Истражување за економските мерки на Владата за справување со кризата од КОВИД-19 ........ 9
Истражување за спроведувањето за локалните акциони планови ........ 9
Истражување на јавното мислење за меѓуетничките односи ........ 9
Постигнувања преку активностите за застапување ........ 10
Документ за приоритетите на ромската заедница во пресрет на парламентарните избори ........ 10
Јавни расправи на локалните институции со ромската заедница ........ 10
Национално сослушување пред ромската заедница ........ 10
Парламентарни избори 2020 ........ 10
Буџет за Роми ........ 11
Вметнување на приоритетите на ромската заедница во локалните буџети за 2021 година ........ 11
Правична и адекватна застапеност на ромската заедница во институциите ........ 12
Лицата кои беа дел од неформалната економија станаа дел од социјалниот систем ........ 12
Враќање 3000 ромски семејства во системот за Агенцијата за вработување ........ 12
Одбивање на примање на апликации од Роми ........ 13
Помош за лицата без документи ........ 13
Одложена исплата на заеми од не-банкарски институции во период од 6 месеци ........ 13
Обезбедување на пристап со вода до ромските населби ........ 14
Влијание врз делот за Роми во Извештајот за напредокот на РСМ ........ 14
Консултативен процес со ромската заедница за новата Национална стратегија за Роми ........ 14
Влијание врз националните политики за инфраструктурни проекти ........ 14
Повлекување на книгата со дискриминаторски текст кон ромската заедница ........ 15
Дискриминаторски однос и говор на омраза кон ромската заедница во Ковид19 ........ 15
Учество во мрежи, коалиции, вклучени партнерства ........ 17
Организациски развој ........ 17
Визибилитет и присуство во медиумите ........ 18
Присуство на социјални мрежи ........ 18

## • Обраќање на Извршниот директор на Ромалитико

Ковид19 пандемијата значително ги измени општествени текови во 2020 година. Со прогласувањето вонредна состојба во Северна Македонија во средината на март 2020 година како Ромалитико бевме приморани да ја адаптираме нашата активност на работа од далечина. Ваквиот пристап на работа во голема мера ја замени нашата канцелариска работа и ни наметна некои промени кои на крајот ја зголемија нашата продуктивност. Брзата адаптација на новата реалност со која се соочивме придонесе да кон средината на април 2020 година, голем дел од портфолиото на Ромалитико за истражување и застапување да го насочиме кон анализа на социјалните и економските ефекти врз ромската заедница од кризата предизвикана ширењето на Ковид19.

Во текот на годината, беа изработени 5 истражувања, од кои 2 директно поврзани со Ковид19. Покрај тоа, програмските менаџери редовно пишуваа пократки анализи, оп-еди и коментари за влијанието, ефектите и состојбата на ромската заедница за време на пандемијата. Подоцна во текот на годината, во рамки на граѓанското движење – АВАЈА покренавме и успешно застапувавме преку 10 иницијативи односно мерки и јавни политики кои имаа за цел да ја заштитат ромската заедница и да и помогнат за полесно справување со Ковид19 кризата.

Сепак, низ целата година, не ги занемаривме и стратешките цели на Ромалитико за кои спроведовме истражувања, анализи и други активности. Столбот на таквата работа е теренското истражување за јавното мислење за предвремените парламентарни избори кои се случија во 2020 година, извештајот во сенка за Стратегијата за Роми, како подготовката на програма за барањата на ромската заедница во пресрет на парламентарните избори како и вклучувањето на приоритетите на ромската заедница на локално ниво во буџетите на општините. И покрај предизвиците за работа од далечина Ромалитико преку своите активности успеа да застапува промени преку веродостојни наоди и препораки за политики, засновани на податоци и истражувачки докази со примена на нови методологии, особено во делот прибирање на податоци онлајн. Очекуваме нашата финансиска рамка значајно да се прошири во текот на 2021 година.

Нашите истражувања и анализи продолжија да бидат веродостоен извор за дизајнирање на јавни политики, програми и мерки со кои се опфаќа ромската заедница и за хранење на јавниот дискурс. Ова се покажа како незаменливо во време на криза. Нашите препораки за политиките прерасnaа во неколку важни јавни политики, а дел од нив беа прифатени од страна на Владата и станаа дел од пакетите за излез од здравствената и економската криза која пандемијата ја создаде. Преку визуелните содржини Ромалитико продолжи да го привлекува вниманието на нашите целни групи. Ова беше особено изразено за време на карантинот и намаленото движење, што ги задржа луѓето повеќе на социјалните мрежи.

На самиот крај, но не и најмалку важно, нашите вработени ја илустрираа нивната продуктивност и креативност дури и при работа од дома, што остана клучен столб на кредибилитетот на она што им го испорачуваме на нашите целни групи, носителите на политиките и јавноста во целина. Со нови сили и желби продолжуваме по патот кој го градиме од создавањето на Ромалитико со уште позасилено темпо во 2021 година.





**Со почит,**
**Елвис Шаќири,**
**Извршен директор**

## Мисија, визија и стратешки цели




Мисијата на Ромалитико е да промовира динамично отворено општество преку анализи, истражувања базирани на докази и застапување за влијание врз јавните политики, односот на моќта и распределбата на ресурсите за Ромите во Република Македонија и Европа.




Визијата на Ромалитико е да се стреми да ја предизвика статус-кво состојбата и да ја унапреди положбата на Ромите во Европа.

Врз основа на Стратегијата 2019 – 2021, Ромалитико се стреми кон ставање на јавните политики во функција на Ромите во постигнување на динамично отворено општество. Ваквиот пристап се заснова на мисијата на институтот и во исто време е поврзана со петте домени на промени кои Ромалитико се стреми да ги постигне. Домените за оваа тригодишна стратегија се:

- Зголемување политичкото претставување на Ромите и обезбедување добро владеење на избраните функционери.
- Искористување на фондовите (државниот буџет и финансирањето на ЕУ) за директна поддршка на ромската заедница.
- Остварување на правата на ромската заедница загарантирани со Охридскиот рамковен договор.
- Канализирање на приоритетите на Ромите во националната и ЕУ агендата преку таргетирани и меинстрим јавни политики.
- Сензитивизирање на националните и локалните институции за антициганизмот.

## Организациска поставеност

Организациската поставеност на Ромалитико ги содржи следниве тела:

• Собрание на Ромалитико е составено од 11 лица, вклучувајќи ги основачите од кои 7 лица се од различна возраст, пол, професија, географски престој во земјата и социјален статус со цел да се обезбеди разновидно знаење, искуство и перспектива како додадена вредност на Ромалитико.

• Управен одбор кој е составен од 3 лица - Извршен директор, Претседател на собрание и Член на собрание кој е избран од Собранието.

• Советодавен одбор кој е составен од 5 лица меѓународно признати магистри и доктори на науки.

• Извршен директор кој е избран од страна на Собранието.

• Комитет за управување кој е составен од целиот тим на Ромалитико односно 4 програмски менаџери, 1 помлад истражувач и 1 финансиски асистент.




## Менаџмент

### Елвис Шаќири, Извршен директор



Елвис Шаќири е основач и извршен директор на Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико. Во 2010-та година дипломира на правниот факултет при Универзитетот на Југоисточна Европа, а подоцна ги продолжува своите магистерски студии во Будимпешта – Унгарија на Централно Европскиот Универзитет на програмата човекови права. По завршувањето на магистерските студии, Шаќири е ангажиран со работна стипендија во Институтот за истражувања на политики Political Capital во Будимпешта. Во периодот на ангажманот Шаќири работи во делот на изборни модели и политички кампања. Пред основањето на Институтот, Шаќири работи во неколку невладини организации, како правен советник и координатор на неколку проекти.

## Марија Сулејманова, Програмска менаџерка на програмата за правно зајакнување



Марија Сулејманова е дипломиран правник при Факултетот за правни науки – Јустинијан Први во Скопје и магистер по човекови права при Централно Европскиот Универзитет - ЦЕУ во Будимпешта. Исто така, таа е алумна на ЦЕУ и РАП програмата во Будимпешта. Во текот на нејзините додипломски студии Марија издвојува волонтерско искуство во различни институции и невладини организации, како Министерство за Правда, Апелационен Суд – Скопје, ЕЛСА, Ромаверзитас и МОФ. По завршувањето на мастер студиите, таа исто така беше практикант во Центарот за правата на Ромите во Будимпешта. Нејзиниот интерес е насочен кон анализа на закони, уставност и колизија помеѓу законите, истражувања насочени кон таргетирање надлежни институции како и вршење на компарација на јавни политики и закони во различни држави.

## Дениз Селмани, Програмски менаџер на програмата за локална демократија



Дениз Селмани е еден од основачите на Ромалитико и прв Извршен директор од 2016 до 2018 година. Селмани има дипломирано на студиската програма по јавна администрација на Југоисточниот Универзитет во Тетово. Го продолжува своето образование со тоа што запишува магистерски студии на истоимениот универзитет на студиската програма за дипломатија. Исто така, Селмани како национален експерт на Мисијата на ОБСЕ во Скопје изработи компаративна анализа за спроведувањето на Конвенцијата за заштита на националните малцинства во Македонија, како и предлог методологија за идентификување лицата без документи. Негов истражувачки интерес претставуваат политичките партии, изборни модели, како и следење на спроведувањето на јавните политики насочени кон инклузија на ромската заедница. Во 2020 година е избран да биде дел од програмата Leaders: Europe 2020 од страна на фондацијата на Обама.

## Суад Скендери, Програмски менаџер на програмата политичко зајакнување



Суад Скендери е еден од основачите и програмски менаџер во Институтот за истражување и анализа на политики - Ромалитико. Дипломирал политички науки, меѓународни односи и новинарство на универзитетот ФОН, а подоцна се стекнал со магистерски студии на Централноевропскиот универзитет за политички науки со специјализација методологија на истражување. По завршувањето на студиите, бил истражувач во ThinkYoung во Брисел и Roma Integration 2020 во Белград, Суад Скендери е координатор на Европскиот ромски институт за уметност и култура за Македонија. Пред основањето на институтот работел во Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите - „Месечина“ - Гостивар како асистент во секторот за човекови права и меѓуетнички односи, а потоа како координатор за младински иницијативи. Неговиот труд е забележан во многу научни списанија, истражувања, книги, оп -еди и други трудови.

## Алберт Мемети, Програмски менаџер на програмата за економски развој



Алберт Мемети е еден од основачите на Ромалитико, и воедно Менаџер на Програмата за Економски Развој. Неговиот интерес е во обемот на вработување, мониторинг на буџетот, локални финансии и претприемништво, формализација на неформалната економија. Алберт е Магистер по Економија на светски пазари при Централно Европскиот Универзитет. Исто така, во моментот тој е запишат и на извршниот курс за менаџмент на ризи во Школата за Бизнис и Менаџмент во Франкфурт, Германија. Пред да се приклучи во Ромалитико, Алберт беше Координатор во РЕДИ одговорен за менаџирање на тим од бизнис фасцилитатори, воспоставување на врски со микро-кредитни институции. Дополнително, во текот на 2014 – 2015, беше ангажиран и како аналитичар за проценка на ризик во Инвестицискиот Фонд – Копест од Брисел, Алберт е посветен на застапување за унапредување на положбата на Ромите и економското зајакнување на ромската заедница во Македонија и во ЕУ.

## Мухамед Ајваз, Помлад истражувач



Мухамед Ајваз е роден во Скопје. Додипломските студии ги завршува на Институтот за психологија на Филозофскиот факултет во Скопје, а со постдипломски студии продолжува на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на програмата Политички науки и човекови права.Во граѓанскиот сектор беше вклучен во Здружението „Романо Авази" како локален координатор за организирање на заедницата, во улога на истражувач и уредник на студентско списание во здружението „Ромаверзитас" и како обучувач и организатор на настани во здружението „Сумнал". Од 2018 до август 2019 година работи во Граѓанската организација „ХЕРА" на програмата ромско здравје. Главен фокус му се емпириски истражувања и унапредувањето на правата на маргинализираните заедници преку организирање, поддршка и јакнење на ромската заедница.

## Симона Симова, Финансиски асистент



Симона Симова е дипломиран маркетинг менаџер при Европскиот Универзитет – Скопје. Образованието го продолжува на Економскиот Институт Кирил и Методиј насока – финансиски менаџмент. Своето прво искуство во областа на маркетингот како практикант го стекнува во МПМ и Идеа Плус, каде работи претежно на маркетинг истражувања на македонскиот пазар. Во јуни 2016 почнува како практикант во Кроација Осигурување – Живот за подоцна да напредува во Координатор за наплата. Своето искуство од областа на финансиите го продолжува во Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико, каде што во моментов ја има позицијата на финансиски асистент.

## Собрание

Во 2020 година Собранието на Ромалитико одржа три средби. Првата средба се одржа во февруари, каде беше презентирана работата во 2019 година и плановите за 2020 година. За жал, поради пандемијата што се случи во Македонија на почетокот на март, нашите планови драстично се променија и на почетокот на април го имавме нашиот втор состанок на кој се консултиравме со нив за новите пристапи и активности што треба да ги преземеме. Исто така, на вториот состанок поради тоа што дел од претставници на Собранието заминаа на студии и работа надвор од државата мораше дел од членовите на Собранието да  бидат заменети со:

- **Мирсада Шабани - Вработена во Министерството за информатичко општество и администрација**
- **Елсон Илјаз - Вработен во банкарскиот сектор**
- **Асиб Зекир - Вработен во РЕДИ**
- **Акиф Кариман - Претседател во Романо Авази**

Сметаме дека горенаведените лица ја делат визијата на основачите и го зајакнуваат капацитетот на Ромалитико како тинк тенк организација, а воедно и ни помагаат да ги постигнеме стратешките цели на нашата организација.

Имајќи предвид дека двајца од членовите се високо дипломирани на медицина и имаме еден студент во последната година на медицински факултет, тие неизмерно ни помогнаа во создавањето на истражувања поврзани со Covid19, но тие исто така учествуваа во дискусии во живо со ромската заедница организирана од Аваја каде зборуваа на ромската заедница како најдобро да се заштити од Covid19.

Третиот состанок исто така се одржа онлајн преку платформата ZOOM во декември со цел да се претстави работата и постигнатите резултати на Ромалитико во 2020 година. На третата средба на дневен ред беа измени во делот на членство, избирање на Претседател на Собранието и членови на Управен одбор, како и внесување на Советодавниот одбор како не-статутарно тело во Статутот на Ромалитико

## Спроведени истражувања и анализи на политики

### Теренско истражување за јавното мислење на ромската заедница за парламентарните избори во 2020

Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико го испита мислењето на ромската заедница за парламентарните изборите 2020. Теренската анкета се спроведуваше временски период од 5 до 25 февруари, 2020 година во 17 општини и беа опфатени 1.102 испитаници. Теренското истражување имаше неколку три цели тоа:

- ✓ Да го испита ставот на ромската заедница за излезеноста на парламентарните избори 2020
- ✓ Да го истражи ставот за ромските политички партии и лидери кои настапија во коалиции или самостојно
- ✓ Да ја испита довербата на ромската заедница во институциите

## Истражување за состојбата и ставовите за кризата со КОВИД 19 (коронавирус)

Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико ја согледа потребата од утврдување на моменталната свест за КОВИД-19, перцепцијата за сериозноста и нивото на загриженост на населението. Онлајн анкетата се спроведуваше во временски период од 26 март – 5 Април, 2020 година и опфати 332 испитаници. Истражувањето имаше неколку цели и тоа:

- ✓ Да се провери информираноста на граѓаните за вести поврзани со коронавирус (КОВИД19), вклучувајќи и проверка на извори и известување од релевантни извори.
- ✓ Да се истражат ставовите на граѓаните поврзани со одлуките на надлежните власти, оптимизмот и предвидувањето на последиците од коронавирусот.
- ✓ Да се истражат степенот на согласност за одредени актуелни ставови кои се појавија за време на кризата со коронавирусот.

## Истражување за економските мерки на Владата за справување со кризата од КОВИД-19

Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико го испита јавното мислење на општата популација за влијанието на пандемијата од КОВИД19 вирусот. Онлајн анкета се спроведуваше временски период од 8 до 22 мај, 2020 година и беа опфатени 740 испитаници. Ова истражување имаше три цели:

- ✓ Да го испита ставот на општата популација за економски пакети на Владата на РСМ
- ✓ Да го испита ставот на економските оператори за мерките кои ги спроведуваше Владата на РСМ
- ✓ Да го испита ставот на општата популација за справување со економската криза

## Истражување за спроведувањето за локалните акциони планови

Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико го испита јавното мислење на ромската заедница за спроведувањето и креирање на локални акциони планови во оние општини каде што не беа подготвени локални акциони планови. Теренската анкета се спроведуваше временски период од 12 до 28 ноември, 2020 година во 15 општини и беа опфатени 780 испитаници. Ова истражување имаше две цели:

- ✓ Да го испита ставот на ромската заедница за досегашното спроведување ЛАП
- ✓ Да се увидат потребите на ромската заедница за нови ЛАП

## Истражување на јавното мислење за меѓуетничките односи

Ова истражување имаше за цел да го испита јавното мислењето на општата популација за меѓуетничките односи во нашата држава. Прашалникот се спроведуваше онлајн во временски период од 17 ноември до 9 декември, 2020 година при што беа опфатени 639 испитаници од сите етнички заедница.

## • Постигнувања преку активностите за застапување

### Документ за приоритетите на ромската заедница во пресрет на парламентарните избори

Ромалитико како дел од Аваја го креираше документот (во вид на програма) со барањата на ромската заедница. Целта на овој документ беше да се влијае на политичките програми на мејнстрим политичките партии за внесување на овие барања во нивните политички програми. Успеавме со оваа акција да влијаеме на најголемите политички партии ВМРО - ДПМНЕ и СДСМ да ги вклучат барањата на Ромите во нивните политички програми, но исто така успеавме да го смениме однесувањето на ромските политички лидери каде што некои од нив исто така креираа програми и некои влијаеа на нивните коалициски партии да ги вклучат приоритетите на Ромите во програмите. Мора да забележиме дека за прв пат во последните 30 години ромските политички лидери и главните политички партии водеа кампањи во ромските населби врз основа на конкретни програми.

### Јавни расправи на локалните институции со ромската заедница

Како дел од Аваја, организиравме 15 локални јавни расправи со градоначалници и различни претставници од институциите каде што преку платформата ZOOM ја доведовме ромската заедница да ги искаже своите проблеми и барања пред локалните власти. Со оваа акција успеавме да решиме скоро во секоја општина некои суштински проблеми предизвикани од пандемијата. Дополнително, генериравме дополнителни финансиски средства од локалните општини. Како Ромалитико, продолживме да ги следиме барањата и дадените ветувања на градоначалниците и локалните институции во 17 општини.

### Национално сослушување пред ромската заедница

Покрај сослушувањата на локално ниво во пресрет на парламентарните избори како дел од АВАЈА организиравме јавна расправа на национално ниво со сегашниот премиер и лидер на политичка партија СДСМ, господинот Зоран Заев. На овој настан беше поканет и лидерот на ВМРО ДПМНЕ, Христијан Мицкоски кој не се одзва на нашата покана. На јавната расправа што ја имавме преку онлајн платформата ZOOM беа присутни повеќе од 300 ромски семејства. На ова сослушување, лидерот на партијата вети дека ќе го зголеми бројот на Ромите во јавната администрација и во позициите на донесување одлуки. Исто така, тој вети зголемување на националниот буџет за Ромите и различни инфраструктурни проекти во ромските населби. Ромалитико сеуште ги следи дадените ветувања пред ромската заедница и прави притисок за нивно реализирање.

### Парламентарни избори 2020

За време на изборите, Ромалитико заедно со АВАЈА спроведоа неколку иницијативи за охрабрување на ромската заедница да излезе и да го оствари слободно своето право на глас, бидејќи ситуацијата со излезноста беше критична поради КОВИД-19. Исто така, Ромалитико оствари средба со специјалниот претставник за избори од ОБСЕ / ОДИХР г. Питер Палмер во врска со изборите и учеството на малцинствата. Ромалитико спроведе дигитално застапување и создаде визуелни симулации на парламентот и симулација како би изгледале резултатите доколку изборниот модел се смени во пропорционален систем со една изборна единица. Покрај тоа, Ромалитико преку инфографик ја информираше јавноста за потрошените

средства на политичките партии за време на изборните кампањи. Во рамки на граѓанската иницијатива АВАЈА, Ромалитико во текот на целиот изборен ден преку своја методологија го набљудуваше и ја информираше јавноста за тоа како се одвиваше гласањето. Ромалитико постигна влијание врз јавното мислење со написи за главните портали и присуството во медиумите поврзани со кампањите на АВАЈА и потребата за фокусирање на политичките партии што ги застапуваат интересите на Ромите во следната влада, како и искоренување на практиките за поткуп на гласачите Роми.

## Буџет за Роми

И покрај тоа што буџетот за Роми на Владата се зголеми за 37% со кризата предизвикана од пандемијата КОВИД19, техничката влада со ребалансот го намали буџетот за Ромите за 34%. Најголемото кратење на буџетот за повеќе од 50% беше во Министерството за транспорт и врски. Овој буџет беше наменет за инфраструктурни проекти во ромските населби. Дополнително, имаше намалување на Министерството за труд и социјална политика за 26% и Министерството за образование за 15%. Ромалитико испрати официјална реакција до Владата со тврдење дека намалувањето на буџетот за Ромите е спротивно на препораката на ЕУ.

Како дел од граѓанската иницијатива Аваја, организиравме стратешки средби со амбасадорите на ЕУ, техничкиот премиер, Оливер Спасовски и вицепремиерката, Мила Царовска и претставници на интернационалните организации кои работат на интеграција на ромската заедница. За време на состаноците, ние добивавме ветувања од премиерот и партиските лидери дека со следниот ребаланс на буџетот во септември 2020 година тие ќе го вратат првичниот планиран буџет. При што, Ромалитико внимателно го следеше овој процес. Ромалитико се обиде да влијае со амандман предложен до пратеникот Ром и другите засегнати страни кои имаат моќ да постапуваат во согласност со зголемувањето на буџетот.  Се очекуваше буџетот во Министерството за транспорт и врски да се зголеми на 40 милиони МКД. Сепак, Владата не ги исполни дадените ветувања за враќање на буџетски средства предвидени за активности поврзани со интеграција на ромската заедница. Во споредба со буџетот во 2020 година, буџетот за 2021 година е намален за 26%. Намалување има за 50% во Министерството за транспорт и врски, зголемување од 1% во Министерството за труд и социјална политика, зголемување во Министерството за здравство за 22% и намалување во Министерството за образование за 5%.

## Вметнување на приоритетите на ромската заедница во локалните буџети за 2021 година

Како дел од работата на Ромалитико, беше спроведена иницијатива поврзана со локалните самоуправи во време на КОВИД-19 и нивниот буџет. Ромалитико испрати барање за информации од јавен карактер до општините каде што живеат поголем број на Роми. По добиените одговори од општините визуелно ги претставивме собраните податоци. Покрај тоа, Ромалитико заедно со АВАЈА испратија предлози за локални буџети во 12 општини за вклучување на приоритетите на Ромите во локалните буџети во 2021 година. Овие барања беа организирани како локални петиции во кои локалното ромско население (вкупно 2500 потписи) ги потпишаа петициите и беа испратени до општините. Во две општини имаше консултации каде тим лидерите на АВАЈА учествуваа на буџетските дискусии при што дел општините ги земаа во предвид предлозите на ромската заедница за локалните буџети.

## Правична и адекватна застапеност на ромската заедница во институциите

Минатата година за време на дипломатска вечера организирана од страна на граѓанска иницијатива Аваја со премиерот, Зоран Заев и амбасадорите го покренавме прашањето дека предвидената Методологија за правичната и адекватна застапеност не функционира за помалите заедници, вклучително и за ромската заедница. На крајот на јануари, направивме обемно истражување за да тестираме како работи оваа формула. Преку пристап до информации од јавен карактер, добивме информации од повеќе од 1300 институции каде што се вработени околу 110000 државни службеници. Од спроведеното истражување, откривме дека во последните 2 години застапеноста на Ромите во институциите воопшто не се променила. Истражувањето го искористивме за цели на застапување пред различни институции, вклучително и премиерот, Зоран Заев. Од страна на премиерот и владата беше ветено дека оваа Методологија ќе се укине. Новиот предлог закон за јавна администрација треба да ја укине употребата на методологијата, но законот сè уште е во Собрание. Дополнително, ние ги застапуваме нашите препораки кои произлегоа од истражувањето по што треба да се земат предвид за да се забрза застапеноста на Ромите во јавната администрација.

Ние сме во процес на нова анализа на напредокот за спроведување на принципот за правична застапеност во државната администрација. Досега, ние исто така демонстриравме дека Ромите се презастапени во јавните комунални претпријатија и не се застапени во другите сектори. За целосна реализација на принципот за еднаква застапеност, државата треба да вработи над 2.000 Роми во јавниот сектор.
Продолжуваме да го следиме спроведувањето на принципот за правична застапеност во јавната администрација и ќе продолжиме да ги собираме податоците од институциите за 2019 година

## Лицата кои беа дел од неформалната економија станаа дел од социјалниот систем

Веднаш кога започна здравствената и економска криза предизвикана од Ковид19, Владата воведе различни мерки, како што се полициски час, затворање на пазари и останатите мерки по што најмногу беа погодени Ромите кои работеа во неформалниот сектор. Предвидувајќи го ефектот на ваквите мерки Ромалитико како дел од Аваја веднаш го поттикна ова прашање преку дискусии во живо со засегнатите страни каде се осврнавме на ова прашање. Со цел да допреме до сите засегнатите страни го засиливме нашето присуство на медиумите, при што застапувавме оваа група да влезе во социјалниот систем. Дополнително, предложивме пакет мерки што и ги испративме на владата за покривање на ова прашање. Како резултат, владата донесе мерка што ја опфаќа таргетираната група што работеше во неформалната економија и тие се стекна со право да користат од 4.000 - 10.000 денари по семејство во зависност од бројот на луѓе во едно домаќинство. Првичната мерка беше само за два месеци (април и мај), но поради силното застапување од пошироката јавност, мерката беше продолжена до декември 2020 година.

## Враќање 3000 ромски семејства во системот за Агенцијата за вработување

По објавувањето на Владата дека лицата кои работеле во неформална економија ќе можат да влезат во системот наречен брза социјална помош, забележавме дека лицата што се избришани од системот во Агенцијата за вработување дека се избришани се избришани и од регистарот на Агенцијата за вработување без можност за пререгистрација до 1 година, а со тоа немаат право да бидат дел од било каква мерка на Владата. Ромалитико спроведе анализа при што откривме дека околу 3000 ромски семејства (околу 12000 Роми) не може да имаат корист од било каква мерка затоа што имаат забрана. Ромалитико веднаш започна да го застапува прашање со силно присуство на медиуми и средби со релевантни министерства. По еден

месец застапување на владата одлучи дека лицата кои се избришани од овие записи да можат повторно да се регистрираат и да влезат во системот за социјална заштита и со тоа да можат да аплицираат за гарантирана минимална помош (ГМП) износ од максимум 12.000 денари.

## Одбивање на примање на апликации од Роми

Кога започнаа да се спроведуваат овие мерки, многу Роми кои сакаа да аплицираат за истите беа одбиени од државните службеници односно не ги примаа апликациите и документите. За оваа ситуација бевме информирани од поединци кои пишуваа на фејсбук страницата на граѓанската иницијатива - Аваја. По што веднаш реагиравме со писмо и имавме состанок за ова прашање претставници на Министерството за труд и социјална политика. Следејќи ги нашите реакции и состаноци, Министерот за труд и социјална политика издаде наредба до сите локални дирекции да ги соберат сите апликации што доаѓаат од апликантите. Дополнително, неколку државни службеници беа санкционирани за ваквиот однос.

## Помош за лицата без документи

Откако беа објавени социјалните мерки од страна на владата, сфативме дека луѓето без документи (700 Роми) не се опфатени и претставуваат најпогодената група од кризата. Како одговор, веднаш дојдовме со три предлози до владата

1. Ваучери во износ од 7.000 денари
2. Снабдување со храна на неделна основа
3. Владата да донесе решение за лице без документи да добие привремена лична карта за да може да влезат во системот на социјална заштита.

По нашиот предлог, неколкуте испратени писма и состаноци, успеавме Министерството за труд и социјална политика да го прифати нашиот втор предлог за обезбедување пакети со храна за овие лица. Дополнително, испративме писма до Премиерот и другите релевантни министерства да ги донесат потребните подзаконски акти за да се реши проблемот со лицата без документи за да можат да добиваат привремени лични карти и да влезат во социјалниот систем. Дополнително преку националната телевизија направивме и медиумски притисок. Преку оваа стратегија за застапување успеавме да го затвориме и ова прашање кое се провлекуваше повеќе од десетина година така што по одржаните состаноци Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи ги донесоа подзаконските акти и сега лицата без документи можат да се стекнат со привремена лична карта да ги остварат своите социјални и образовни права. Дополнително на состанок со Министерството за труд и социјална политика успеавме да застапуваме административните трошоци да бидат покриени од страна на Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика.

## Одложена исплата на заеми од не-банкарски институции во период од 6 месеци

Оваа иницијатива дојде како резултат на владината мерка што им даде можност на граѓаните да ја одложат исплатата на заемите кон банките за период од три месеци. Имајќи предвид дека многу Роми работат во неформалниот сектор и тие најчесто добиваат заеми од не-банкарските институции започнавме со онлајн петиција за собирање поддршка за луѓето што добиваат заеми од не-банкарските институции да имаат можност да ги одложат исплатите на заемот. За оваа петиција собравме околу 2.000 потписи по што овој предлог го испративме до владата. При што, Владата со вториот пакет социјални мерки можноста за одложување на исплата на заеми ја прошири и кон не-банкарските институции.

## Обезбедување на пристап со вода до ромските населби

Оваа беше испратен до владата, но исто така беше искажан во нашата неделна комуникација со релевантни министерства и инспектори. Како резултат, водата беше обезбедена со резервоари за вода во Шуто Оризари и преку тим лидерот на Аваја од Прилеп успеавме да инсталираме две јавни чешми за вода во ромската заедница.

## Влијание врз делот за Роми во Извештајот за напредокот на РСМ

Во однос на проширувањето на ЕУ, постојат неколку активности каде што Ромалитико имаше директно влијание. Заклучоците од Извештајот во сенка кој го подготвија вработените на Ромалитико беше комуниципан со претставници на ЕУ при што се застапуваше да бидат вметнати заклучоците кои произлегоа од Извештајот во сенка. Откако беа објавени извештаите за напредокот, Ромалитико го анализираше напредокот што го направи Република Северна Македонија кон интеграцијата во ЕУ, како и визуелна анализа за влијанието кон интеграцијата на Ромите во Северна Македонија. Покрај тоа, претставници од Ромалитико учествуваа и го презентираа напредокот и заклучоците на семинарот за Роми.

Освен овие активности, вработените во Ромалитико исто така пишуваа написи за системските решенија за ромските проблеми и условеноста на ЕУ. Исто така, Ромалитико подготви и испрати отворено писмо до сите засегнатите страни во проширувањето на ЕУ пред министерскиот состанок во Тирана за спроведување на Декларацијата за Познан. Ова писмо беше испратено до г-дин Оливер Вархели, европски комесар за соседство и проширување, г-а Катарина Матернова, заменик генерален директор за соседска политика и преговори за проширување; г-а Ѓеновева Руиз-Калавера, директор за Западен Балкан во Генералниот директорат за европска соседска политика и г-а Марта Гарсија Фидалго, координатор за ромска политика на Генералниот директорат за соседство и преговори за проширување.

## Консултативен процес со ромската заедница за новата Национална стратегија за Роми

Ромалитико како дел од Аваја спроведе консултативен процес со ромската заедница за дефинирање на клучните приоритети што треба да бидат дел од следната стратегија за Ромите. Со цел да се создаде стратегија што ќе се заснова на пристапот од bottom-up, Ромалитико ја охрабри ромската заедница да земе активно учество со пополнување на прашалник. Покрај тоа, Ромалитико заедно со тим лидерите на АВАЈА спроведоа истражување за локалните акциони планови и нивното спроведувањето. Анализите за Националната стратегија и локалните акциони планови наскоро ќе бидат јавно достапни и ќе се користат за идно застапување на Ромалитико и АВАЈА.

## Влијание врз националните политики за инфраструктурни проекти

Во однос на националните политики, Ромалитико застапуваше три инфраструктурните проекти за општина Шуто Оризари да бидат вклучени во политичката програма на Коалицијата предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Исто така, Ромалитико застапуваше во Оперативниот план за вработување за 2020 година да се вметне квота за Роми од 10% за сите мерки. За време на еден од состаноците со Министерството за труд и социјална политика, Ромалитико застапуваше да се зголеми квотата на Агенцијата за вработување од 10% да биде 15%. Дополнително, Ромалитико пилотираше нови

мерки за справување со неформалната економија при што во соработка со РЕДИ, беше поднесен предлог за нова мерка за дигитализација и формализација за 50 претприемачи во 2021 година.

## Повлекување на книгата со дискриминаторски текст кон ромската заедница

Во врска со дискриминаторскиот текст во учебниците, Министерството за образование го одби нашето барање за повлекување на текстот од употреба во образовниот систем. Нивното резонирање беше дека учебникот е напишан во минатото, каде што таквиот текст не би се сметал за дискриминаторски. Незадоволни од оваа одлука овој случај го покренавме пред Народниот правобранител кој започна официјална постапка против Министерството за образование. При што Народниот правобранител, донесе позитивна одлука и му нареди на Министерството за образование да го повлече текстот од учебникот.

## Дискриминаторски однос и говор на омраза кон ромската заедница во Ковид19

Откако започна пандемијата во Северна Македонија, говорот на омраза кон Ромите се зголеми. На почетокот на март, кога земјите одлучија да ги затворат границите, многу Роми беа заглавени меѓу различни земји, па мораа да најдат свој начин да влезат во Северна Македонија. Во средината на март кога беше затворена границата во Унгарија со Србија, нашата земја очекуваше конвој со над 2000 луѓе да влезат во нашата земја преку Романија и Бугарија. Тој ден за прв пат земјата официјално започна да го користи државниот карантин за оние кои влегуваат во земјата. Тој ден целото внимание на медиумите беше насочено кон овие 2000 луѓе кои требаше да влезат од границата во Бугарија. За жал, од 2000 лица само 8 Роми беа испратени во државен карантин (армиска касарна) во која немаше елементарни услови. Вниманието на медиумите за овој случај беше многу големо бидејќи беше очигледно дека овој случај само ги демонстрираше дискриминаторските практики на државата кон Ромите. По обелодувањето на случај Ромалитико веднаш започна пишува писма на официјалните лица и создадовме медиумски притисок врз владата. За среќа, по еден ден тие беа префрлени во друга просторија во различна општина, и по нивниот негативен резултат на Ковид 19 беа пуштени дома.

Овој случај ги поттикна медиумите да ги посетуваат ромските населби при што создадоа содржина за сензација што предизвикува говор на омраза кон Ромите на социјалните медиуми. Како одговор на оваа ситуација, оствривме состанок со министерот за внатрешни работи и потпишавме меморандум за разбирање со Министерството, со посебен фокус на заедничката борба против говорот на омраза кон Ромите.

Во мај 2020 година, Уставниот суд донесе одлука за укинување на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Судот оцени дека не постои постапка за гласање, велејќи дека законот требало да биде изгласан со мнозинство од сите 120 пратеници во парламентот. Наместо тоа, тој беше изгласан само од мнозинството пратеници присутни во Собранието на РСМ во тоа време. Собранието го донесе очекуваниот Закон за антидискриминација во мај 2019 година, при што беше потпишан од претседателот Стево Пендаровски и влезе во сила. Мора да забележиме дека цела деценија граѓанското општество се бореше да обезбеди заштита на маргинализираните заедници и овој пресврт сега претставува голем напредок на демократските реформи. Ваквото робусно законодавство за спречување на дискриминацијата и функционалните институции за нивно спроведување беа широко признати како предуслов за отворање на пристапните преговори на Северна Македонија со ЕУ, кои започнаа кон крајот на март оваа година. Една од стратешките цели на Ромалитико беше исто така да имаме Ром во комисијата за антидискриминација затоа што најголемиот број случаи поднесени врз основа на етничка дискриминација се од Роми. Во овој поглед, владата во последните 12 месеци покажа недостаток на волја за спроведување на транспарентен и заснован

на заслуги избор на комесари. Постапката беше повторена двапати и на крајот законот беше укинат од Уставниот суд. Ромалитико беше контактиран од пратениците на ЕУ со цел да организираме состаноци со политичките лидери за широка поддршка на овој закон. Во септември 2020 година, Владата го донесе новиот закон за заштита и спречување на дискриминацијата, кој е истиот закон како и претходниот, кој беше укинат за време на мандатот на техничката влада во кризата КОВИД-19. Сепак, сѐ уште се очекува новата комисија за борба против дискриминацијата да биде составена во која веќе избран е комесар Ром, но се чека Парламентот да ја изгласа донесената одлука.

Кога се случи несреќата со полициска бруталност врз тројца Роми во Битола, социјалните медиуми беа показател во кој сите можевме да видиме дека дискриминацијата и антициганизмот сѐ уште се присутни во македонското општество. Беа забележани многу коментари на омраза на порталите и радиодифузерите, дури и на страница на АВАЈА на Фејсбук, каде што не-Роми се обидоа да ја пренасочат приказната дека се виновни Ромите кои доживеале несреќа и дека ги испровоцирале полицајците, по што полицајците ги нападнале. Бидејќи не постоеше функционална комисија за заштита и спречување на дискриминација и аконот беше отфрлен за време на мандатот на техничката влада, Ромалитико разговараше за овие случаи со Министерството за внатрешни работи и одделот за сајбер-криминал со цел да се најде решение за ваквите ригорозни говор на омраза се шири на социјалните медиуми. Постои механизам што беше понуден да се користи за да се пријават вакви случаи и Министерството за внатрешни работи ќе ги преземе случаите.

Ромалитико заедно со Централниот совет за Синти и Роми од Германија организираа онлајн конференција за новата стратешка рамка на ЕУ за Ромите 2020-2030 и борбата против антициганизмот. Оваа дигитална конференција имаше за цел да ја воспостави поврзаноста на рамката со политиките за вклучување на Ромите во Република Северна Македонија, односно да поттикне дискусија меѓу релевантните засегнати страни во врска со барањата што произлегуваат од стратешката рамка и како тие можат да бидат пренесени во контекст на Север Македонија во пресрет на новата Стратегија за Ромите. На оваа конференција учество земаа, амбасадорката од Германија, Министерот за правда, Советникот на претседателот на Република Северна Македонија и советникот од претседателот на Владата на Република Северна Македонија, претставници од Регионалниот совет за соработка, Канцеларијата за ромски иницијатива, Централниот совет на Синти и Роми, Ромалитико и на делегацијата на ЕУ во Северна Македонија.

Ромалитико заедно со Регионалната Ромска Образовна Младинска Асоцијација на 10 декември 2020, денот на човековите права, организираше Дигитална конференција на тема: Адресирање на говорот на омраза кон ромската заедница во онлајн сферата на општественото живеење. На дигиталната конференција свое воведно обраќање имаше г-динот Аркин Јахији, шеф на Кабинетот на Заменик Министерот за правда. На првиот панел говорници беа г-ѓа Ѓултен Мустафова од Министерството за труд и социјална политика, г-ца Марија Андреева од Советот на Европа, г-ѓа Марина Тунева од Советот на етика во медиумите и г-дин Мустафа Јакупов извршен директор на РРОМА модериран од Урмета Арифовска (РРОМА). На вториот панел говорници беа г-а Марија Сулејманова од Институтот Ромалитико, г-дин Срѓан Амет од Здружението на правници Роми, г-а Ирена Здравковска од Здружението Млади правници и г-а Славица Атанасовска од Хелшинскиот Комитет, модериран од Мухамед Ајваз (Ромалитико). На дигиталната конференција се дискутираше за говорот на омраза од различни аспекти и како истиот е адресиран и треба да биде адресиран од различни засегнати страни. Дискусијата на темата говорот на омраза се разви во дискусија за генералната поставеност на заштитата од говор на омраза пришто таквата дискусија даде насока за специфично дискутирање на говорот на омраза кон ромската заедница. Заклучоците од дискусијата наведоа на тоа дека институциите треба да обрнат поголемо внимание на говорот на омраза на интернет и истите тие треба да остварат поголема соработка со невладиниот сектор за развивање на соодветни политики и одредби кои ќе обезбедат подобра заштита од говорот на омраза.

## Учество во мрежи, коалиции, вклучени партнерства

Во првата половина од 2020 година преку Аваја создадовме партнерства со 17 општини и други локални институции и ги зајакнавме нашите претходни партнерства со релевантни министерства, како што се Министерството за труд и социјала. За прв пат потпишавме меморандум за разбирање со Министерството за внатрешни работи. Дополнително, во однос на градењето врски со ромската заедница преку иницијативите локалните иницијативи изградивме врска со повеќе од 5000 ромски семејства.

Како дел од нашата работа за КОВИД19 воспоставивме партнерства со две различни групи на организации. Со една група на организации, работевме на неделните состаноци воспоставени од вицепремиерката и Министерката за труд и социјална работа. Со другата група на организации, работевме на неделните состаноци основани од Фондацијата отворено општество во Северна Македонија. Во однос на партнерството, беше развиена добра соработка со меѓународната невладина организација од Германија за аплицирање на повик за грант од ЕУ за подобрување на состојбата со домувањето на Ромите. Во април 2020 година, во рамките апликација за проект беше продлабочена соработката со општините Гази Баба и Ѓорче Петров. Понатаму, ние исто така ги поврзуваме HELP и Институтот за пенологија за обезбедување итна помош на дигитална опрема во затворот во Македонија. Минатата година Ромалитико изгради партнерство за време на парламентарните со ОБСЕ ОДИХР за изборниот процес во Северна Македонија при што бевме поканети на две консултативни состаноци за парламентарните избори.

Во втората половина од 2020 година Ромалитико успеа да ги одржи веќе изградените партнерствата со министерствата, вклучувајќи го и Министерството за внатрешни работи. И понатака граѓаните останаа главен партнер во сите активности на локалното ниво и кампањите на АВАЈА. Хуманитарната помош од различни донатори беше спроведена преку локални лидери на Аваја. Покрај тоа, локалните самоуправи како наши партнери ја поздравија хуманитарните помош и некои општини они самите се приклучија по што и самото локално население и ромски бизниси донираат пакетчиња за децата Роми.

Ромалитико е активно вклучена во транснационалното движење на Ромите на Европско ниво во кое членуваат повеќе од 12 национални ромски движења кои имаат за цел да го артикулираат гласот на ромската заедница во нивните општества. Нашето партнерство со Централниот совет за Синти и Роми продолжи за активности поврзани со антициганизмот во Западен Балкан. Исто така, беше зајакнато партнерството со регионалните ромски и проромски организации со иницијатива за поддршка на отвореното писмо до Европската Комисија за декларацијата од Познан и другите иницијативи на регионално ниво.

Важно е да се напомене дека ја проширивме нашата партнерска мрежа со медиуми, портали и други платформи за социјални медиуми кои ги поддржуваат Ромалитико и АВАЈА. Би ги издвоиле партнерствата со Фактор, Утрински Брифинг, Емагазин, ТВ24, Цивил Медиа и многу други.

## Организациски развој

И покрај состојбата со кризата КОВИД-19 која нè ограничи да имаме редовни состаноци, сепак успеавме на почетокот на септември да организираме тридневен организациски состанок при што направивме евалуација за работата на Ромалитико и развивме акционен план. Со новата нормалност која ни ја доведе КОВИД-19 пандемија, Ромалитико успеа преку ZOOM платформата да одржува редовни координативни состаноци и поделба на работата во рамките на тимот. Сè уште е ограничено да се присуствува на било какви

работилници за градење на капацитети или градење на вештини,  сепак Ромалитико дигитално се обидува да го искористи максимумот и да ги зголеми капацитетите на вработени во рамките на организацијата.

На индивидуален план вработените на Ромалитико во 2020 година продолжија да ги развиваат своите вештини и знаења преку најразлични курсеви и програми. Извршниот директор, Елвис Шаќири беше дел од програмата на Hertie School Leadership Programme. Марија Сулејманова  во периодот од февруари до јуни 2020 беше дел од програмата на групата на социјалисти и демократи за стажирање во Европскиот парламент. Дениз Селмани беше предложен да биде дел од програмата Европски Лидери на Фондацијата Обама. Исто така, Марија Сулејманова и Дениз Селмани во рамки на транснационалното движење на Ромите беа дел од онлајн работилници за стратешка комуникација.

## Визибилитет и присуство во медиумите

Нашата работа како Ромалитико во 2020 привлече големо медиумско внимание, бевме редовно присутни во националните телевизии, веб портали, весници најмалку 5 пати месечно. Секој месец имавме барем неколку состаноци со релевантни министерства и други засегнати страни, особено последните неколку месеци од почетокот на пандемијата. Како Ромалитико бевме поканети во посебна работна група формирана од вицепремиерот и министерката за труд и социјална и работа. Во оваа група имавме состаноци секој месец со горенаведените засегнати страни и различни инспекторати каде ги поставувавме проблемите со кои се соочуваат Ромите и предлагавме различни решенија за застапување. Во пандемијата, бевме дел и од пошироката коалиција на невладини организации каде што предлагавме различни мерки на политика. Нашата работа беше јавно препознаена од вицепремиерката Мила Царовска, Министерката за труд и социјална работа, Санела Шкријељ, техничкиот премиерот Оливер Спасовски и други релевантни чинители.

Анализата на извештајот на напредокот на ЕУ беше преземена од медиумите во кој беше споменат напредокот кон Ромите, исто така и други ромски невладини организации ја користеа оваа анализа за извештајот за напредокот на ЕУ додека учествуваа на национални и регионални телевизии. Покрај тоа, германската ТВ исто така го интервјуираше, програмскиот менаџер, Алберт Мемети за кризата КОВИД-19 и Северна Македонија. Извршниот директор, Елвис Шаќири учествуваше во ТВ24 на дискусија со министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски и претседателот на полицискиот синдикат. Како и на панел дискусија за социјалната правда и дискриминацијата. Исто така, Алберт Мемети учествуваше на буџетскиот граѓански форум за град Скопје. Марија Сулејманова, Дениз Селмани и Мухамед Ајваз учествуваа на панел дискусии и конференции за говорот на омраза кон ромската заедница во Северна Македонија. Суад Скендери и учествуваше во медиумите во живо на фејсбук за пристапувањето во ЕУ на Западен Балкан и парламентарните избори во Северна Македонија.

## Присуство на социјални мрежи

Ромалитико ја лансираше новата веб-страница која е побрза и полесна за навигација, вклучително и сите наши ресурси. Покрај тоа, ние вклучивме информации во врска со нашата стратегија, статут и други потребни информации за транспарентност. Веб-страницата ќе го има истиот домен, вклучувајќи SSL сертификати за заштита и напредна антивирусна компонента. Активноста на веб-страницата досега достигна 94.542 прегледи.

На официјалната страница на Фејсбук, Ромалитико има 2.220 лајка и 2.305 следбеници, 534 следбеници на Твитер и 359 следбеници на Инстаграм. Направивме измени во нашиот профил на LinkedIn и статистичките податоци се променија поради создавање деловен профил за институтот (претходно беше личен профил). Исто така, направивме измени во нашиот профил на YouTube со цел да ги обединиме сите видеа во еден канал што ќе се користи и на веб-страницата.

| ПЛАТФОРМА | Веб страница | Фејсбук | Твитер | Инстаграм |
|---|---|---|---|---|
| Број на следачи | 61.342 | 2,305 | 534 | 359 |

Најголемата интеракција со корисниците е преку нашата страница на Фејсбук. 50% од публиката е од Северна Македонија, додека остатокот од 50% е од различни земји, вклучувајќи ги Германија, Унгарија, Романија, Бугарија, САД, Белгија, Франција, Србија и други земји. Во однос на полот, 40% од следбениците се жени, а 59% се мажи. Додека, на Инстаграм 49% од следбениците се жени, а 51% се мажи.

Во однос на возраста, 23% од следбениците се на возраст помеѓу 25-34 години, што е највисок процент на следбеници поделени во возрасни групи. Истото важи и за следбениците на Инстаграм, каде 55% од следбениците се на возраст од 25-34 години. За време на периодот од јули 2019 година до средината на декември 2019 година, бројот на следбеници на Фејсбук се зголеми од 1.946 следбеници на 2.086 следбеници